# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# ЗА
# КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ
# НА УНИБАНКА АД СКОПЈЕ

# Содржина:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нашите темелни вредности | 4 |
| 2. | Избегнување на неприфатливо однесување | 9 |
| 3. | Судир на интереси | 10 |
| 4. | Избегнување на случаи на корупција | 12 |
| 5. | Трансакции со поврзани лица | 14 |
| 6. | Конфиденцијалност | 14 |
| 7. | Заштитено пријавување | 17 |
| 8. | Јавни изјави | 17 |
| 9. | Преодни и завршни одредби | 17 |

**ВОВЕД**

Една од основните развојни цели на УНИБанка АД Скопје претставува насочувањето на сопственото работење во согласност со највисоките етички стандарди, заради одржување на комплетна услуга, но пред се доверба на нејзините клиенти и секако на јавноста, воопшто.

Етичкиот Кодекс на УНИБанка АД Скопје јасно ги дефинира моралните принципи и вредности, како и професионалните стандарди и корпоративни вредности кои се задолжителни и се применуваат подеднакво на сите нивоа од организационата структура на банката и важат подеднакво како за членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, лицата со посебни права и одговорности, така и на сите вработени во банката.

Кодексот служи како насока за соодветно однесување на вработените во УНИБанка АД Скопје и истиот значително придонесува во заштитата на интересите на вработените, клиентите и акционерите, врз основа на јасни структури на управување, со што истовремено почитувањето на стандардите утврдени со Кодексот овозможува одржлив развој со јакнење на стабилноста, ликвидноста и репутацијата на Банката.

Овој Кодекс нема интенција да го замени доброто расудување на било кој вработен, ниту неговиот личен интегритет, но има интенција да постави основа за добро, чесно, совесно и професионално извршување на работата на секој од вработените, како и за унапредување на квалитетот на работата и начелата воспоставени со овој Кодекс.

Со овој Етички Кодекс се уредуваат основните начела и принципи на доброто корпоративно однесување и управување, унапредување на професионалните односи во работната средина, промоција на тимската работа, но истиот содржи и одредби за избегнување на случаи на корупција и други незаконски и неетички однесувања и активности, избегнување на судир на интереси, трансакции со поврзани лица со банката, чувањето на банкарска тајна, грижа за животната средина, биодиверзитетот, интересите на општеството и сл.

# 1. ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ

Темелните вредности на однесување кои претставуваат основа како на работењето и функционирањето на УНИБанка (во понатамошниот текст банката), така и на градењето на квалитетен однос кон нашите клиенти и на зацврстувањето на професионалните односи меѓу колегите, се:

- Професионализам
- Чесност, објективност и интегритет
- Транспарентност
- Доверба
- Почит
- Слободно изразување
- Одржлив развој и заштита на животната средина

## 1.1 Професионализам

Професионалец е лице кое што ги исполнува образовните, техничките и етичките стандарди на определена професија, а притоа се однесува учтиво, совесно и професионално на работното место.

Професионалецот слуша, учи, ги почитува и ги живее вредностите на етичкиот кодекс на сопствената професија.

Во нашата банка го поддржуваме високото – професионално однесување на сите вработени, што значи почитување на позитивните законски норми, навременост, точност, информираност, штитење на угледот на банката, штитење на угледот на професијата, промоција на тимската работа, жед за знаење и учење и продлабочување на веќе стекнатите знаења и се она што го унапредува односот кон нашите комитенити, колеги, работодавци и општеството воопшто.

Кон колегите...

- Професионален однос кон колегите - во нашата банка соработуваме, споделуваме информации и знаење за да се постигне нашата заедничка цел за највисок квалитет и потврда за нашиот професионален идентитет и надвор од рамките на нашата банка;
- Активно ги слушаме барањата за потребите на нашите колеги и се грижиме да оствариме позитивно влијание на работната средина и
- Поддржуваме тимска работа и ги поздравуваме сите заеднички напори за да оствариме што подобар резултат.

Кон клиентите...

- Активно ги слушаме барањата и потребите на нашите клиенти и нив ги трансформираме во продукти и услуги.
- Со нашата квалитена услуга ја стекнуваме довербата кон клиентите, заради која истата ја продолжуваат соработката со нашата банка.

Кон инвеститорите...

- Слушаме без предрасуди се што инвеститорите сакаат да ни кажат преку утврдените канали на комуникација.
- Се грижиме за нивната инвестиција со внимание на добар домаќин и се трудиме да ја оправдаме нивната доверба со секој дел од нашето работење.

Кон пошироката јавност...

- Ја претставуваме нашата банка и нашата професија во најдобро светло, ги штитиме интересите и добриот углед во банката не само на нашето работно место туку и надвор од него.
- Горди сме што можеме да придонесеме, само на нам својствен начин, за градење и проширување на нашата банка, за зацврстување на банкарскиот сектор во земјата и за стабилноста на финансискиот систем, а преку тоа и алка во стабилноста на нашата држава во најширока смисла.

## 1.2 Чесност, објективност и интегритет

За нас чесноста во банкарското работење претставува „услов без кој што не се може“. Објективноста претставува чесност во работењето и односот кон колегите. Интегритетот подразбира поседување на цврсти принципи и морал кој што се огледува во секоја постапка на вработените, во банката и надвор од неа.

Кон колегите...

- Ние се грижиме за луѓето околу нас и ја осудуваме дискриминацијата по секој основ (пол, раса, вера, политички убедувања и сл.);
- Се почитуваме како индивидуи и се грижиме еден за друг во секое време;
- Го осудуваме фаворизмот од секој вид и поттикнуваме вреднување врз основа на придонесот кој што секој од нас го дава за банката.

Кон клиентите...

- Се стремиме кон задоволство на клиентот во секој поглед, во секое време;
- Сите клиенти ги третираме со еднакво внимание без разлика за каков тип на комитент се работи;
- Работиме чесно и објективно без предрасуди кон никого и за нашата работа сме наградени со високото ниво на задоволство на нашите клиенти;
- Осудуваме предрасуди и нетрпеливост, а почитуваме лојалност и интегритет и се трудиме така и да возвратиме.

## 1.3. Транспарентност

Постојаното информирање за нашите активности претставува наша мисија. Но ние не сме задоволни само со објавувањето на нашите резултати, бидејќи сме горди да објавиме и како сме ги постигнале истите.

Кон колегите...

- Ги делиме нашите знаења и информации без да ги монополизираме и од тоа да оствариме лична корист;
- Нашите патишта во кариерите се јасни и по нив одиме без да ги запираме нашите колеги да одат по своите.

Кон клиентите и добавувачите...

- Обезбедуваме навремени и целосни информации за нашите продукти и услуги во секое време;
- Обезбедуваме навремени и целосни информации за промените на условите на нашите продукти и услуги;
- Добавувачите и соработниците на банката ги бираме непристрасно врз основа на критериум на чесност објективност и економичност;
- За сите наши активности редовно ги информираме нашите клиенти.

Кон инвеститорите...

- Работиме транспарентно согласно позитивните законски прописи и овој Кодекс, како и согласно нашите правила за корпоративно управување и одлуките кои што ги носиме во секојдневното работење а се резултат на нашиот професионализам, чесност, објективност и интегритет;
- За сите наши активности редовно ги информираме нашите инвеститори преку утврдените канали на комуникација.

Кон поширокота јавност...

- Јавноста во секое време има пристап до нашите прицsmåципи на работење, продукти и услуги;
- Редовно известуваме за тоа што работиме и како го работиме истото, притоа водејќи сметка за доверливоста на податоците со кои што се среќаваме во секојдневното работење.

Банката се стреми кон зајакнување на транспаретноста и поради тоа секоја заинтересирана страна има можност да пристапи кон Етичкиот кодекс кој е објавен на интернет страната на Банката и да ги оцени клучните вредности правила и принципи по кои работи Банката.

Банката обезбедува точна, јасна и недвосмислена комуникација со клиентите, инвеститорите и јавноста и се воздржува од практики кои можат да доведат до погрешно прикажување на карактеристиките, влијанијата или придобивките на производите и активностите, вклучително и во однос на одржливоста и еколошките аспекти.

## 1.4 Доверба

Довербата за нас значи дека во секое време на нас можат да се потпрат нашите клиенти, колеги, инвеститори и да сметаат на нашата грижа, одговорност, професионализам и доверливост.

Кон колегите...

- Имаме доверба еден во друг и во секое време се потпираме на помош од колегите околу нас;
- Градиме доверба со секој наш заеднички успех.

Кон клиентите...

- Градиме доверба преку нашето професионално однесување кое што постојано го потврдува нашиот углед.

Преземаме мерки за заштита на доверливост на информациите и користење на истите само за целите за кои биле дадени.

Кон инвеститорите...

- Градиме трајни и континуирани односи со инвеститорите кои што можат да се ослонат на нас во секој сегмент од нашето работење.

## 1.5 Почит

Како вработени во УНИБанка, ги почитуваме сите лица со кои имаме контакт во секојдневното работење.

Кон колегите...

- Ги почитуваме јасно утврдените улоги во процесот на работење за сите вработени во банката;
- Осудуваме било каква форма на притисок или навреда;
- Ги почитуваме правилата и процедурите за работа со што се овозможува ефикасно имплементирање на процесот на работа.

Кон клиентите...

- Ги чуваме и почитуваме сите информации кои се добиени преку работата во врска со клиентите, но и со банката, почит кон имотот на комитентите и банката и почит кон одлуките на клиентите и на банката.

Кон инвеститорите...

- Ги почитуваме корпоративните вредности и професионалната етика кои што ги налагаат највисоките пазарни стандарди;
- Го почитуваме имотот, опремата, имиџот и интелектуалната сопственост на банката и ги осудуваме злоупотребите на истите.

Кон пошироката јавност...

- Почитуваме и поддржуваме развој кој што е еколошки и социјално оддржлив.

## 1.6 Слободно изразување

Сметаме дака слободното изразување е одраз на добри професионалци и креативни работници и затоа ги поттикнуваме сите вработени слободно да го изразуваат нивното конструктивно мислење, за и во врска со работните процеси, со што ќе се збогати нашата работа и работна атмосфера со покреативни продукти и услуги.

Кон колегите...

- Нудиме шанса на сите вработени да придонесат во процесот на работа со своите конструктивни идеи и мислења;
- Го почитуваме мислењето на секого внимавајќи при тоа да не навредува и дискриминира;
- Во нашата банка никој не може да биде казнет за тоа што го мисли.

Кон клиентите...

- Слободно го изразуваме професионалното мислење кон клиентите и со нив комуницираме без ароганција или лажен авторитет, притоа зачувувајќи ја почитта која што им ја должиме.

## 1.7 Одржлив развој и заштита на животната средина

Банката е посветена на промовирање на "одржлив и еколошки развој", од причина што верува дека одржливиот развој претставува суштински аспект на стабилното деловно управување.

Во тој контекст, Банката:
- Е посветена на одговорно и одржливо работење, земајќи ги предвид климатските, еколошките, социјалните и управувачките аспекти при донесувањето деловни одлуки;
- Активно придонесува кон заштита на животната средина, ублажување на климатските промени и долгорочен одржлив развој, во согласност со регулаторните барања и најдобрите европски практики;
- Промовира култура на одговорно управување со природните ресурси, превенција од загадување и придонес кон климатска неутралност и одржлив развој, имајќи ги предвид влијанијата од нејзиното работење врз интересите на акционерите, инвеститорите, вработените, клиентите, заедницата и општеството.
- Се стреми да промовира цели и активности во однос на климатските промени и да ги пренасочи капиталните текови кон одржливи инвестиции. Во таа насока поттикнува финансирање на одржливи и зелени проекти;
- Работи на намалување на сопствениот еколошки и јаглероден отпечаток;
- Се стреми кај своите вработени да го зголеми разбирањето и познавањето на ризиците поврзани со климатските промени, вклучително и на еколошките, социјалните и управувачките ризици (ризици од ЕСГ). За таа цел применува континуирана едукација и градење на капацитетите за разбирање на овие ризици;
- Обезбедува еднаков третман и недискриминација;

- Ги почитува човековите права во своето работење и во односите со клиентите и партнерите;
- Обезбедува безбедни и здрави услови за работа;
- Придонесува кон развојот на заедницата и општестовото;
- Се стреми да го поддржува одржливиот развој и заштитата на животната средина и да спречува практики на погрешно или претерано претставување на еколошките и одржливите карактеристики на своите производи, услуги и активности.

## 2. ИЗБЕГНУВАЊЕ НА НЕПРИФАТЛИВО ОДНЕСУВАЊЕ

Со цел Банката да избегне неприфатливото однесување кон клиентите, акционерите, добавувачите како и во односите во самата банка, вработените во УНИБанка АД Скопје, на сите нивоа на одговорност и на сите работни места ги почитуваат правилата за професионално однесување и се должни да:

- се придржуваат кон важечката законска и подзаконска регулатива како и интерните акти на Банката;
- ги почитуваат етичките норми, ги извршуваат своите задачи совесно, со интегритет, согласно со своите знаења и искуства почитувајќи ги прописите;
- се грижат за целосноста и точноста на податоците/информациите кои ги даваат на клиентите, супервизорските, незвисните и др. органи;
- ја разбираат и прифатат одговорноста за донесување правилни одлуки. Веднаш ги соопштуваат своите грижи и согледувања во случаи кога ќе забележат однесување кое може да и наштети на Банката;
- ги преземаат сите мерки за заштита на доверливите информации на клиентите и ги користат информациите само за целите за кои истите биле дадени, како и мерки за заштита на информации кои се од доверлив карактер за Банката;
- ги преземаат сите мерки за заштита на личните податоци на клиентите, вработените, акционерите и други субјекти, согласно интерните акти на банката од обласа за заштита на лични податоци и законските регулативи кои ја уредуваат оваа материја;
- ги преземаат сите мерки за да спречат активности поврзани со поткуп;
- преземаат соодветни мерки за спречување на судир на интереси и
- избегнуваат или пријавуваат до одговорните лица однесување, кое може да наштети на угледот и репутацијата на Банката.
- покажуваат грижа за животната средина, биодиверзитетот и општествените интереси.
- одговорно ги користат ресурсите (рационална употреба на хартија, одговорно управување со отпадот, енергетска ефикасност во канцелариите и деловните простории, одговорно користење на вода и струја, системите за греење и ладење на работните простории).

Секое постапување спротивно од горенаведените правила ќе се смета за неприфатливо однесување од страна на Банката и може да претставува основ за

изрекување на опомена, за поведување на дисциплинска постапка, па дури и за прекин на работниот однос во банката.

## 3. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Вработените во банката ги застапуваат во целост интересите на банката и нејзините стратешки цели. За таа цел вработените избегнуваат секакво постоење на судир на интереси или дури навидум постоење на ваков судир помеѓу личните интереси одговорноста кон банката.

**Судир на интереси значи судир меѓу личниот интерес и интересот на банката, кога со донесување на службени одлуки, склучување на службени договори или вршење на други деловни активности се засега во материјалните или било кој друг вид на деловни или семејни интереси на вработените во банката.**

За да се спречи судирот на интереси вработените во банката мора да бидат пред се внимателни, но и предани на законското и ефикасно функционирање на нашата банка.

За да се избегне противзаконското работење на вработените во банката, во поглед на судирот на интереси, суштинско е неговото идентификување.

Идентификувањето на судирот претставува прв и најважен чекор кон неговото решавање.

Лицата со посебни права и одговорности и согласно законот се должни да даваат изјави за судирот на интереси на секои шест месеци.

Вториот чекор за да се избегне против законското работење на вработените во банката, во поглед на судирот на интереси, е добра организација на работниот процес и јасно дефинирани правила.

Организацијата на работниот процес во Банката е создадена со цел да сведе на минимум можност од создавање на ситуации, во кои што:

- Вработените, извршувајќи ги службените обврски кон конкретен клиент, нема да создадат односно влезат во конфликт спрема обврските кон други клиенти и
- Личните интереси на вработените во Банката, нема штетно да влијаат на службените обврски кон Банката и кон клиентите на Банката.

Вработените во Банката следните дејствија ги извршуваат исклучиво со добиена предходна согласност од Банката, и тоа за:

- Водење на преговори или склучување на договор од името на Банката, со друштво во кое вработениот или негов роднина, пријател или трето лице со кое вработениот има блиска врска или има учество;
- Прифаќање на работа, консултативна функција, раководна функција, бизнис учество надвор од Банката;

Вработените во Банката се должни:

- при извршувањето на нивните задолженија, да ги поставаат интересите на Банката и на нејзините клиенти, над своите сопствени интереси;
- да пристапуваат кон клиентите чесно и да избегнуваат пристрасен однос кон определени клиенти;
- да не дозволуваат на членовите на семејството или пријатели да доаѓаат на работното место за време или по работното време на Банката;
- да ги информираат своите раководители за случаи кои што можат да доведат до конфликт на интереси помеѓу нив или член на нивното семејство и Банката;
- во деловните односи со клиенти и други надворешни лица (преговори со клиенти, добавувачи, надворешни лица и претставување и застапување на Банката пред надворешни институции), задолжително да ја претставуваат или застапуваат најмалку двајца вработени на Банката, со еднакво или слично ниво на компетентност, стручност и хиерархиска поставеност согласно организационата структура на Банката.

Вработените во Банката немаат право:

- да воспостават самостоен финансиски интерес со клиенти на Банката, или да бидат зависни од финансиска или друга врска кон трети лица, која што би можела да влијае при извршувањето на службените обврски;
- да ја користат на било каков начин својата службена положба за незаконско стекнување на корист или интерес за себе, за свои блиски или трети лица;
- да земаат или даваат на заем парични средства од/на клиенти на Банката;
- да посредуваат во лично име при купување/продажба, префрлање на финансиски инструменти или други зделки меѓу клиенти на Банката;
- да предлагаат услуги (сметководство, управување и сл.) и продукти, различни од тие кои што ги нуди Банката, на клиенти или трети лица, со или без награда, без предходна согласност за тоа од раководството;
- да купуваат стоки од клиенти на Банката по пониски цени од пазарните.

## 3.1 Финансиски активности

Сите надворешни деловни активности на вработените од кои имаат и/или би имале имотна корист мора да се во согласност со позитивните законски норми.

Вработените во банката се должни да го пријават секој личен деловен потфат или финансиски интерес кој што би можел да се одрази на угледот и чесноста во работењето на банката. Должни се да пријавуваат и идентификуваат влијание, сопственост или финансиски интерес во било кое правно лице кое што работи и/или има било каков деловен однос со банката.

## 3.2 Политички активности

Иако слободното изразување на мислење претставува темелна вредност на вработените во банката, утврдена со овој Кодекс, и иако како банка се посветени на давање на целосен придонес кон напредок на нашето општество, како вработени во банката треба да избегнуваат било какви политички активности кои што би ги довеле во прашање нашите должности и одговорности како професионалци во банката.

Политички аспирации, мислења и ставови на вработените можат слободно да ги изразуваат со гласање за оние кандидати за кои се се определиле, со членство во политички партии и невладини организации, но треба да се воздржуваат од активен партиски и/или политички ангажман.

Од друга страна, Банката силно подржува волонтерска работа и ангажман во добротворни цели и друштва, како и професионални асоцијации, кои што имаат за цел афирмирање на вредностите утврдени со овој кодекс.

## 4. ИЗБЕГНУВАЊЕ НА СЛУЧАИ НА КОРУПЦИЈА

Корупцијата претставува искористување на службените права и овластувања заради остварување на лична противправна имотна корист. За да се спречат случаите на корупција во банката, вработените строго се спротивставуваат на секој обид за влијание врз нашите професионални вредности и личен интегритет и секое дејство насочено кон тоа ќе биде пријавено на нашите претпоставени.

### 4.1 Прием на подароци

Вработените од банката треба да се воздржуваат од прием на било какви подароци кои што имаат за цел да го нарушат професионалното расудување за било која деловна трансакција на банката.

Строго се осудува секој обид за подарок како репрезентација и/или благодарност од страна на лица (физички или правни) вклучени во било кој деловен процес на банката (комитенти и/или добавувачи) даден во паричен облик.

Се осудува секој обид за подарок како репрезентација и/или благодарност изразен во привилегии и/или попусти и услуги доколку истите не се достапни и за други клиенти.

Вработените во банката можат да разменуваат традиционални подароци за поводи за кои што тоа традиционално се прави (пр. за Новогодишни празници, родендени, венчавки, унапредувања, пензионирање и сл.), да примаат репрезентативен или промотивен матерјал од комитенти кој се состои од делови од канцелариски потрошен материјал, привезоци, календари.

### 4.2 Давање на совети

Вработените во банката мора да се воздржуваат од било какви коментари за видот на било која трансакција на клиентите и да не навлегуваат во внатрешната организација на клиентите, бидејќи банката не е регистрирана ниту овластена да дава правни совети.

### 4.3 Пријавување на случаи на корупција

Сите вработени во банката мора да се согласни околу одредбите за избегнување на корупцијата и заеднички да се борат против истата.

За таа цел Банката ги охрабрува сите вработени кои што ќе забележат било каква појава која го осуетува угледот и/или законското работење на банката, истата веднаш да ја пријават и со тоа да допринесат во спречувањето на оваа негативна појава која што носи негативни последици и по угледот и работата на банката, но и по угледот на сите вработени во неа.

Случаите на корупција во банката задолжително се пријавуваат во Службата за внатрешна ревизија и Службата за контрола на усогласеноста на банката со законските прописи.

Надзорниот и Управниот Одбор на банката се обврзуваат дека ќе го заштитат секој вработен кој што пријавил случај на корупција.

### 4.4 Располагање со имотот на банката

Строго се осудува секое расипничко однесување кон имотот на банката и невнимание кон опремата со која што вработените се користат во текот на деловниот процес.

Банката инсистира на придржување кон упатствата за користење на опремата, телефоните, интернет и e-mail привилегиите строго за деловна комуникација и потреби.

Банката го осудува секое користење на знакот, логото, печатот и меморандумот на банката за потреби надвор од деловните процеси на банката.

Кон имотот и опремата на банката вработените се однесуваат со внимание на добар домаќин и ги преземаме сите потребни активности за истиот да биде што подолго во употреба.

## 5. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ЛИЦА

Функционирањето во општествена средина која што е со големина како Република Северна Македонија, неминовно подразбира трансакции со поврзани лица.

При склучувањето на трансакции со поврзани лица најважно е да се води сметка за законските одредби и за условите под кои што овие трансакции се одобруваат.

При еднакво ниво на ризик, утврдено согласно супервизорските стандарди, банката не смее да одобри кредити или друг облик на изложеност и да врши финансиски активности на со неа поврзани лица, со поповолни услови од оние кои што се применуваат за другите клиенти на банката.

## 6. КОНФИДЕНЦИЈАЛНОСТ

Вработените во Банката се должни при извршувањето на своите работни обврски да ги почитуваат правилата и законските обврски за чување на службена, банкарска и трговска тајна (конфиденцијална инормација).

Вработените во Банката се дожни да не распространуваат, не се повикуваат ниту користат за личен интерес или за интерес на трети лица, конфиденцијална/доверлива информација, до која дошле при вршење на своите службени обврски. Истото се однесува и во случај кога на работникот му престанал работниот однос во Банката.

Во банката, како строго конфиденцијална информација се третираат сите податоци поврзани за дејноста на Банката со нејзините клиенти, вклучително и:

- факти и околности кои се однесуваат за состојбите и операции по сметките и депозитите на клиентите на Банката;
- факти и околности односно бизнис дејност на клиенти-правни лица, за минати, сегашни и идни дејствија или намери;
- преговори, склучени зделки;
- договорни односи со клиенти/трети лица;
- базата на податоци со клиенти на Банката, вклучително и лични податоци;
- калкулирање на цени на услуги и продукти на Банката;
- обезбедување, сигурност и влез во Банката;
- внатрешни правила, одлуки, писма и процедури за бизнис дејноста на Банката;
- внатрешни извештаи, записници, анализи, ревизорски извештаи;
- софтвер и специфични ИТ решенија за обработка на податоци;
- податоци за вработени на Банката (досиеја на вработени);
- расходи на банката;
- бизнис стратегии и маркетинг концепции на Банката;
- содржината на внатрешната веб-страна на Банката;

Вработените на Банката се должни:

- да го информираат непосредниот раководител за секој забележан случај на недозволено откривање и/или искористување на конфиденцијална, класифицирана информација и/или лични податоци;
- да не дозволуваат дејствија коишто можат да доведат до протекување или распространување на конфиденцијална информација;
- да не издаваат или откриваат конфиденцијална информација сврзана со клиенти, единствено во случаи кога работните задолженија го бараат тоа;
- да не откриваат конфиденцијална информација пред лица кои не се вработени во Банката, освен кога се ополномоштени за тоа;
- да гарантираат дека информациите, документите, фајлови и слично не се оставаат на достапни места, особено ако се оставени без надзор;
- да гарантираат дека клиентите немаат поглед кон екраните на компјутерите кога на нив се отворени лични или бизнис податоци;
- да се грижат за сигурност на информациониот систем и банкарскиот софтвер;
- да не даваат информации по телефон (салда на сметки и друго), освен во случај кога е дозволено со закон или други акти;
- да ги уништат сите службени документи кои не се за употреба, така да не можат да бидат возобновени или да се открие нивната содржина;
- да ја почитуват стриктно процедурата за комуникација и движење на документи.

## 6.1 БАНКАРСКА ТАЈНА

Чувањето на банкарската тајна претставува должност и морална обврска на секој вработен во банката.

| |
|---|
| **Документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности за поединечни лица и трансакции со поединечни лица, како и за депозитите на поединечни лица, претставуваат банкарска тајна** |

Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во банката, како и лицата кои преку давање услуги на банката имаат пристап до документите, податоците и информациите, опишани погоре, се обврзани да ги чуваат и да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.

За чувањето и заштитувањето на банкарската тајна секој вработен потпишува изјава со која се обврзува на нејзиното чување.

Изјавата за банкарска тајна се чува во досието на секој вработен.

**Исклучоци од правилото**

Обврската за чување на банкарската тајна не се однесува во следниве случаи, ако:

- со закон е пропишано објавување на податоците и информациите;
- лицето дало писмена согласност за откривање на податоците.

Обврската за чување на банкарската тајна не се однесува и во следниве случаи:

- по писмено барање на јавното обвинителство или надлежен суд за водење на постапки кои се во рамките на неговите надлежности;
- за потребите на Народна банка или на друг супервизорски орган овластен со закон;
- ако податоците за приливи на средства на сметки на физички лица се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласност со закон;
- по писмено барање на Управата за јавни приходи за водење на постапки кои се во рамките на нејзините надлежности;
- ако податоците се соопштуваат на Управата за финансиско разузнавање, во согласност со закон;
- ако податоците се соопштуваат на Управа за Финансиска полиција, во согласност со закон;
- на барање на Државната комисија за спречување на корупција, во рамките на извршувањето на нејзините надлежности, во согласност со закон;
- на писмено барање на Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење;
- на писмено барање на Царинската управа за водење на постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон.
- на писмено барање на Фондот за осигурување на депозити, во согласност со закон;
- на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, во согласност со закон;
- на писмено барање на нотар во рамките на водењето оставинска постапка, согласно со закон;
- ако податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на Кредитниот регистар на Народна банка;
- податоците се соопштуваат за потребите на управување со кредитниот ризик на други членки на банкарска група или на банкарска група чие матично лице е со седиште надвор од Република Северна Македонија, а чија членка е банката;
- ако податоците се даваат на Министерството за социјална политика, демографија и млади, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за потребите на вршење на работите од нивните надлежности и во согласност со прописите за заштита на личните податоци, само доколку банка склучи меморандум за соработка со овие институции и

- по писмено барање на лицата овластени за извршување во согласност со закон.

Лицата кои дошле до документите, податоците и информациите на кои се однесува банкарската тајна се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, освен во случаи и во постапка утврдена со закон.

Обврската за чувањето на банкарската тајна продолжува и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците кои се сметаат за банкарска тајна.

## 7. ЗАШТИТЕНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Со Правилник за заштитено внатрешно пријавување на Банката, се уредува правото секој вработен, кандидат за вработување, практикант, волонтер, лице кое по било кој основ е или било ангажирано да извршува работа во банката, лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со банката и лице кое користи или користело услуги во банката да врши заштитено внатрешно пријавување.

Подетални информации за постапката за заштитено пријавање се објавуваат на веб-страницата на Банката.

Надзорниот одбор на Банката го следи спроведувањето на овој Правилник како и процесите за слободно заштитено пријавување од страна на вработените во Банката.

## 8. ЈАВНИ ИЗЈАВИ

Јавни изјави, интервјуа, статии, изјавување на ставови на Банката можат да даваат само Извршните директори на Банката или изричито ополномоштени од нив вработени на Банката.

Контакти со медиуми се остваруваат и усогласуваат единствено преку Дирекција Маркетинг и реклама.

Вработените на Банката се должни да не даваат јавни изјави со кои би се нанела штета на интересите и авторитетот на Банката.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Кодекс е обврзувачки за членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, лицата со посебни права и одговорности во банката и на сите вработени во банката.

Непочитувањето на одредбите од овој Кодекс може да претставува основ за изрекување на опомена, за поведување на дисциплинска постапка, па дури и за прекин на работниот однос во банката.

Овој Кодекс претставува дел од обврските на банката за инкорпорирање на систем за добро корпоративно управување во банка.

Одредбите од овој Кодекс се достапни за целата јавност и се објавуваат на интернет страницата на банката.

Овој Кодекс стапува на сила со денот на неговото одобрување од страна на Надзорниот одбор на банката.